БРОКЕРСКА КУЌА
ИНВЕСТБРОКЕР АД СКОПЈЕ
www.investbroker.com.mk
ул."Истарска" бр.33 1000 Скопје, Р.Македонија Тел: ++389 02 3 110 280; 3100 290 Факс: 3 103 291; 3103 292 ; 3103297
e-mail: investbroker@investbroker.com.mk

**Понуда за преземање на акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје**

Врз основа на член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерските друштва (Службен весник на Република Македонија бр. 69/2013, 188/2013, 166/2014, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), Брокерската куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, со седиште на ул. Истарска бр. 33, 1000 Скопје, во име и за сметка ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД (LIBERTY HOLDCO GALATY & SKOPJE LIMITED) со регистрирано седиште 40 GROSVENOR PLACE, 2ND FLOOR, LONDON, UNITED KINGDOM SW1X 7GG, регистрирано во трговскиот регистар под број 11680699 (во продолжение:: „**Преземач**"), ја дава следната:

## ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

на 2.227.750 обични акции со право на глас издадени од ЛИБЕРТИ Акционерско друштво за производство и промет со производи на црна металургија – ладно валан, поцинкуван и пластифициран лим Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 18, Скопје – Гази Баба, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со ЕМБС: 5166187 (во продолжение: „**ЛИБЕРТИ АД Скопје**").

**1) Хартии од вредност на кои се однесува Понудата за преземање:**

Понудата за преземање се однесува на 2.227.750 обични акции со право на глас издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје, со ISIN број: MKLAVA101018, кои претставуваат 6,76% од вкупниот број на издадени обични акции со право на глас. Останатите 93,24% односно од вкупно издадените обични акции со право на глас на ЛИБЕРТИ АД Скопје се во сопственост на Преземачот.

Понудата за преземање се прифаќа од страна на имателите на обични акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје со писмена Изјава за прифаќање на Понудата за преземање, која е составен дел на Проспектот за преземање, објавен на интернет страницата на Македонската берза (www.mse.mk).

**2) Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат обични акции со право на глас издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје. Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од ЛИБЕРТИ АД Скопје, во согласност со пропишаните и објавените услови.**

**3) Цената по која Преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност:**

Преземачот се обврзува да ги откупи акциите на кои се однесува Понудата за преземање по цена од 40 (четириесет) денари по акција.

Преземачот ја утврди цената врз основа на член 14 став 3 и став 5 од Законот за преземање на акционерските друштва и ја понуди просечната цена на хартиите од вредност постигната на Македонската берза во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање, кое е објавено на 29.10.2020 година. Сите акции од точка 1) кои веќе ги поседува Преземачот во ЛИБЕРТИ АД Скопје, се стекнати како непаричен влог на основачот на Преземачот, друштвото Arcelormittal Holdings AG со сегиште во Цуг, Швајцарија, во постапка за зголемување на основната главнина на Преземачот.

Преземачот нема да ги покрива трошоците на имателите на обични акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје кои ќе ја прифатат Понудата за преземање. На секој имател кој ќе ја прифати Понудата за преземање ќе му се наплатат трансакционите провизии на Централниот депозитар за хартии од вредност за резервирање на акциите на сметката на хартии од вредност на имателот (100 денари + 18%ДДВ) и за исплата на средствата на трансакциската сметка која имателот ја навел во Изјавата за прифаќање на Понудата за преземање (60 денари + 18%ДДВ).

**4) Рок и начин на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена Понудата за преземање:**

Преземачот на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност депонираше средства потребни за плаќање на сите хартии од вредност на кои се однесува Понудата за преземање наведени во точка 1), согласно член 34, став 1, од Законот за преземање на акционерските друштва.

Централниот депозитар за хартии од вредност е должен, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението од Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на Понудата за преземање, во име и за сметка на Преземачот, да ја исполни паричната обврска кон имателите на акции кои ја прифатиле Понудата за преземање.

Плаќањето на паричните средства на секој имател на акции кој ќе ја прифати Понудата за преземање ќе се изврши на трансакциска сметка во деловна банка во земјата, за која ќе го извести Централниот депозитар за хартии од вредност со Изјавата за прифаќање на Понудата за преземање.

**5) Датум на започнување и датум на завршување на рокот за прифаќање на Понудата за преземање од страна на сопствениците на хартиите од вредност:**

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува да тече на денот на објавување на понудата за преземање и завршува 28 календарски денови по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 16.12.2020 година, а завршува на 12.01.2021 година.

**6) Праг на успешност на Понудата за преземање**

Преземачот нема утврдено праг на успешност, односно најмалата количина на обични акции со право на глас која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна.

**7) Услов за раскинување на Понудата за преземање**

Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерските друштва, бидејќи за стекнување на хартиите од вредност кои се предмет на Понудата за преземање, покрај дозволата за понуда за преземање од Комисијата за хартии од вредност, не е потребна претходна дозвола или претходна согласност на друг надлежен орган.

**ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје**
**Директор**
**Филип Петрушевски**

Брокерска куќа ИНВЕСТБРОКЕР А.Д. Скопје акционерско друштво